FinFluencers
Young Financial Influencers

Ко-финансирано од Европска Унија

ЈУЛИ 2023 // Е-ВЕСНИК 02



# Подготовка на модулите за финансиска писменост, вклучувајќи ги младите луѓе, организациите и консултантите за финансиска писменост.

Во периодот од ноември 2022 до јуни 2023 година проектните партнери работеа на развој на материјалот за обука за финансиска писменост. Ова беше заедничка задача каде сите проектни партнери придонесоа, согласно договорена методологија за покривање на специфичните потреби. Започнавме со креирање на основната структура и пристап кои ги тестиравме двапати.

Првото тестирање беше спроведено за време на нашиот состанок во Атина, Грција, во декември 2022 година, чиј домаќин беше проектниот партнер Militos Consulting. Го претставивме нашиот првичен пристап и структурата на материјалот и разговаравме за можни промени и нивна оптимизација, за да ги направиме порелевантни за младите луѓе, но и да го олесниме процесот на учење со поддршка на младинските работници или обучувачи.

Второто тестирање беше спроведено во периодот помеѓу април и јуни 2023 година. Во овој период ја тестиравме структурата и содржината на материјалот за обука со пет обучувачи/експерти во секоја од државите каде што се спроведува проектот и со по пет млади лица во Бугарија, Грција, Република Северна Македонија и Португалија соодветно.

**Клучните точки кои беа тестирани се:**

- Соодветност на темите за обука и ниво на сложеност.
- Редослед и тек на учењето.
- Должина и опсег на материјалот.
- Разбирливоста на употребениот јазик.
- Ефективноста во обликувањето на ставовите и однесувањата кај младите.
- Два аспекти на учењето – според инструкции од обучувач и самостојно учење.
- Баланс помеѓу теоријата и практичната примена.
- Елементи на предавањата (визуелни, наративни итн.)




## Модулите за обука:

- Финансиска писменост - Што значи тоа и што е потребно!
- Планирање на личните финансии
- Основни финансиски услуги
- Буџетирање (управување со личните финансии) - Каде одат моите пари?
- Финансиската писменост и деловниот живот

Дефиниции, термини и концепти, тестови, студии на случај, практични примери, разбирањето на финансиските услуги, буџетирањето, финансиската писменост и професионалниот живот и повеќе...

**6**

Пет видеа како вовед на секој модул од обуката и едно видео за тоа како да се користи платформата за е-учење FinFluencers!

**20**

поткасти кои го надополнуваат материјалот за обука, промовирајќи ја важноста на финансиската писменост!

**Сето ова наскоро достапно онлајн, бесплатно и отворено на 5 јазици**



# Мрежа на млади финансиски инфлуенсери





На 8 и 9 јуни 2023 година, ОТВ (Out of the Box) беше домаќин на проектните партнери и на пет млади лица од Бугарија, Грција, Република Северна Македонија и Португалија во прекрасниот град Фаро на југот на Португалија! Нашата мисија беше следна:

## Ден 1:

Преглед на процесот на тестирање во сите држави и договарање на највaжните предлози кои ќе бидат инкорпорирани во модулите за обука!

Утврдување на следните чекори и влегување во последната фаза на проектот со главна цел платформата за е-учење на FinFluencers да биде подготвена и целосно функционална до крајот на летото 2023 година, на сите јазици!

## Ден 2:

Вториот ден беше посебен ден! Пет млади луѓе на возраст меѓу 19 и 29 години од различни држави (Бугарија, Грција, Република Северна Македонија и Португалија) и од различни области (студенти, професионалци, вработени) беа обучени да станат млади финансиски инфлуенсери!

### Што се учеше во Фаро:

- Вовед во методологијата за создавање мрежа на финансиски инфлуенсери;
- Презентација на водичот за млади финансиски инфлуенсери кој ќе биде ниевен прирачник и придружник во создавањето на мрежите и водењето разговори со врсниците и другите засегнати страни;
- Ефективни начини за комуникација со потенцијалните учесници во мрежата на младите финансиски инфлуенсери преку вежби и примери;

### Што се очекува од младите финансиски инфлуенсери:

- Да организираат и спроведат три состаноци во својата држава, вклучувајќи најмалку пет млади луѓе и други чинители од финансискиот свет.
- Да ги модерираат состаноците и да иницираат интересни дискусии, истакнувајќи ја важноста на финансиската писменост.
- Да соработуваат со партнерите од секоја држава и меѓусебно да се споделуваат впечатоците.
- Да продолжат со организација на настани и разговори и да ги отворат воспоставените мрежи за нови учесници!



*Младите финансиски инфлуенсери со нивните Youth Pass Certificates*

# Кои се следните чекори!



Проектот FinFluencers ќе трае до крајот на октомври 2023 година. До крајот на проектот, пред нас се две важни задачи:

Прво, ќе ја завршиме платформата за е-учење и истата ќе биде тестирана со вистински корисници, овој пат по 30 млади лица од Бугарија, Кипар, Грција, Република Северна Македонија и Португалија! Тие ќе го проценат материјалот за обука и ќе ни дадат кратки повратни информации кои потоа ќе ги интегрираме во онлајн платформата, за да стигнеме до финалната верзија!

Во исто време, ќе соработуваме со нашите млади финансиски инфлуенсери помагајќи им да ги организираат и спроведат разговорите и состаноците за финансиска писменост во текот на септември и октомври 2023 година, а за кои имаме намера да ги развиваме и по завршувањето на проектот!

На крајот, во сите 4 држави ќе спроведеме настани за дисеминација и комуникација, до крајот на октомври 2023 година за да ги промовираме резултатите од проектот и да ги претставиме модулите за обука пред младите, младинските организации и консултантите за финансиска писменост!

Посетете ја нашата веб-страна! https://finfluencers.org/

Следете не' на Фејсбук! https://www.facebook.com/FinFluencersProject

Поддршката на Европската Комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на нејзината содржина која ги одразува единствено гледиштата на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во истата.